**20151774882**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54, став (5) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија”, бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15 и 129/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 6.10.2015 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ ПО БАРАЊЕ НА СТРАНКАТА, ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УВОЗ НА ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИ ШТО ГИ ИСПОЛНУВААТ ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ КАКО ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за начинот и постапката за издавање на мислење, формата и содржина на барањето, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање мислење по барање на странката, за производство и увоз на додатоци на исхрана, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на производи што ги исполнуваат посебните барања за безбедност како додатоци на исхрана, бр. 02-4510/7 од 2.9.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-10068/1
6 октомври 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.